# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеснаесеттото продолжение на Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 септември 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала број 1, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, преседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Седумдесет и втората  седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Елеонора Петрова-Митевска, Михајло Георгиевски, Коце Трајановски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Љупчо Мешков, Али Ахмети, Теута Арифи, Ванчо Георгиев, Илјаз Халими, Замир Дика, Фатмир Асани, Ружди Матоши, Џевдет Насуфи, Зиди Џелили и Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Минуваме на точка 10- **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на ставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 75, член 79 за менување на став 2 и во член 73 за додавање нов член 113-а по членот 113 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4, член 33 став 7, член 60 за  внесување нова реченица пред ставот 1 и на став 7, член 61 во новиот член 98-а став 9 и на ставот 12 член 64 во новиот член 100-а став 2 и на член 67 став 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование, наука и спорт, поднесе амандмани на член 13 став 1, за бришење на член 19, член 33 став 3 и 4 и за бришење на став 16, за менување на член 33, член 58 став 7 и за додавање нов став 8 по ставот 7, член 60 став 7 и за бришење на став 9 за менување на член 65 и на член 77 за додавање нов член 77-а по членот 77, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани за бришење на член 22, член 18 став 1, член 47, за бришење на член 48, член 50 став 1, член 61 став 12 и на член 62 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Славица Грковска и Коста Прешоски поднесоа амандмани на член 15 за бришење на став 1, член 33 став 14, член 46 став 1, за бришење на член 48, член 56 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 62 за менување на став 2, член 62 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 62 за додавање нов став 4 по ставот 3 и на член 64 во новиот член 100-б став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Славица Грковска и Коста Прешоски меѓувреме ги повлекоа амандманите на член 15 за бришење на став 1, член 46 став 1, член 56 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 62 за додавање на став 4 по ставот 3 и на член 64 во новиот член 100-б став 2.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на член 1 за менување на став 3 и за додавање нов став 4 по ставот 3, член 7, член 13 за менување на став 3 за додавање  три нови членови 20-а, 20-б и 20-в, по членот 20 за менување на член 23, за бришење на член 29, на член 33 за бришење на став 2 и на став 3 и 4, за додавање нов член 33-а по членот 33, член 34 за бришење на став 1, член 41 за бришење на став 1, член 59 став 1 за додавање нова алинеја 8 по алинеја 7, член 60 став 2 за бришење на ставовите 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9, за додавање нов став 3 по ставот 2 и за бришење на ставовите 11 и 12 и нивно заменување со нов став 5, член 61 став 12, член 67 за менување на ставовите 5 и 6, член 69 за менување на на насловот на Глава 10 за менување на член 70 и за додавање нови членови 111-а, 111-б и 111-в во членот 71, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на ставот 3 и за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование.

АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Претседателе, најпрво, барав процедурално, така што сакам да ги повлечам амандманите на членот 22, амандманот на членот 33 став 2, амандманот на член 34 став 1 и на член 60.

Сега, би сакала да го кажам своето мислење зошто го поднесов амандманот 1 на членот 1. Во Предлог законот во членот 1 е кажано дека задолжителното основно образование опфаќа подготвителна година, 4 години одделенска настава и 4 години предметна настава. Амандманот кој што го поднесувам гласи: “Задолжителното основно образование опфаќа три циклуси секој со траење од три години. Подготвителна настава, одделенска настава и предметна настава”. После став 3 се додава нов став 4 кој гласи: “Целите и организацијата на наставата на трите циклуси се регулирани со подзаконски акти на Министерството за образование и наука”. Со овој предложен член се воведува деветгодишно основно образование, при што првата година во предлогот на Владата само механички се додава на останатите години. Амандманот кој што го предлагам е поради потребата од промени во структурата во основното образование, со неговата промена од осумгодишно во деветгодишно образование, како и потребата за усогласување на системот на основното образование со системот на основното образование во европските земји, во кои што оснвоното образование е во траење од девет години. Потребно е исто така со подзаконски акти да се определат целите на секој циклус од основното образование, како и да се уреди новата организација на наставата. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претредсот по амандманот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Госпоѓо Бонева, ако можете да ги напишете тие членови што ги повлекувате да ги најдеме овде, за да не прашувам даи се прифаќа амандманот, веќе да констатирам дека веднаш се повлечени.

Во салата имамте 59 пратеници и ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, ќе пристапиме кон гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 3 пратеници, воздржани нема, 55 пратеници гласале против амандманот.

Во салата се присутни во времето на гласањето 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по Амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование.

АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Овој амандман, почитувани дами и господа се однесува на членот 16 од Законот за основно образование, алинеја 1 во кој што се зборува дека оснвоното училиште може да се основа ако има доволен број ученици за формирање на најмалку 16 паралелки. Промената што ја предлагам гласи: “Доколку има доволен број ученици за формирање најмалку 9 паралелки”. Со промената во оваа алинеја се прави усогласување со структурната промена со која се воведува деветгодишно основно образование, како и со објективната ситуација која што е во Република Македонија во која бројот на учениците во половина од училиштата е помал од 50 ученици. Благодарам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование.

АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за амандманот гласале 2 пратеници, воздржани нема, 57 пратеници гласале против амандманот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата, бидјеки доста влегоа, но некои излегоа од салата.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по Амандманот на член 13 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование.

АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа. Јас само ќе образложам, г. претседател, дека таквите амандмани врзани со уделот на педагошката служба за образование, во Комисијата беа подолго анализирани и мислам дека нема некоја причина за поинакво уредување на овие односи, бидјеки концептот на Министерството е таков што педагошката служба е во тек со сите аспекти од политиката која ги уредува предметите, а еве и амандманот тоа го анализира. Но, поради концептот кој што го имаме и рационализацијата на постапките ние предлагаме начини, кои со законот веќе се дел од законот и затоа мислиме дека амандманите од овој карактер не ќе ги прифатиме, иако се добронамерни, мислам имаат придонес во себе за да ги регулираат некои односи кои што ги тангираат состојбите, посебно врзани за оваа служба. Но, поради концептот кој што кај нас е направен таков и веќе работиме во оваа насока, мислиме дека ние ќе треба да опстоиме на тој пат и затоа не го прифаќаме амандманот. Инаку, морам да кажам дека и другите амандмани и од госпоѓата пратеник се во насока на едно подобрување на текстот и од позицијата и од опозицијата, сигурно , ќе има амандмани кои ќе бидат прифатени, но велам, сепак, концептот кој што ние го градиме е базиран врз елементи кои што веќе се деле од законот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Како што објасни минситерот, најдобронамерно е поднесен амандманот. Сметам дека наставните програми треба да се изработуваат според модел за програми кои што ги подготвува Бирото за развој на образованието, меѓутоа, по предлог на педагошката служба ги донесува министерот. Сметам дека потребна е поголема контрола на промените во доменот на наставните програми, имајќи ги

предвид лошите искуства на многу земји кои што спровеле процес на децентрализација. Од овие причини е поднесен амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 4 пратеници гласале за, воздржан нема, 59 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование.

АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Немам коментар.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 4 пратеници гласале за, 57 пратеници гласале против амандманот, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на три нови членови 20-а, 20-б и 20-в, по членот 20, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за образование и наука Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

Едно кратко објаснување. Тој е поврзан со првиот амандман каде што се зборува за моделот. Инаку, ние тоа веројатно ќе го обработиме уште повеќе. Точно е тоа дека сега ние го приклучуваме само претшколското образование како подготвително и не можеме да навлегуваме во други зафати во овој дел, затоа што тој бара неминиовно менување на сите планови и програми во сите наставни години. Така, веројатно, после консолидирањето на деветолетката со оваа прва претшколска година, ќе има и такви можни промени во овој дел, но откако ќе се консолидира, затоа што да не направиме нешто што не е можно да се реализира во таков краток рок, а тоа изискува три плус три и тоа ќе биде таков краток рок или ќе биде како што е сега, тоа и во програмата за развој на образованието тој дел го анализираме, можеби ќе преовладеат аргументите и за такво нешто, но тоа, пред се, потребно е за таквиот модел промена на сите планови и програми по сите години. Мислам дека тоа не може одеднаш да се направи и затоа сега го одбиваме, како првиот и овие амандмани, затоа што се врзани, а идеата е прво да се консолидира деветолетката како таква, па потоа ние веројатно врз база на анализи ќе видиме кој модел ќе го прифатиме и ќе почнуваме и со промена на плановите и програмите, што мислам дека е по прифатливо по стабилноста на образовниот систем е овој модел и овие постапки кои што сега ги превземаме. Затоа, го одбиваме, затоа што, реков, врзан е и со првиот амандман, кој што пвоеќе зборува за моделот на основното образование. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Самото механичко придодавање на подготвителната година кон другите 8 години не значи промена во системот на основното образование и овие членови, како што кажа и самиот министер, е заради потребата од усогласување со новата структура на основното образование, како и заради потребата од зголемување на ингеренциите и одговорностите на училиштата во услови на реализација на процесот на децентрализација. Овде се предлага наставните циклуси како треба да бидат и дека комбинираните паралелки се формираат за секој од тригодишните циклуси поодделно, се зборува за тоа дека во комбинирана паралелка по три одделенија може да има најмногу по 25 ученици и дека наставата во првиот и вториот циклус на задолжителната настава во образование ја организира и

изведува, по правило, еден наставник, а наставата во третиот циклус повеќе наставници.

За изведување на наставата во вториот циклус мора да бидат вклучени повеќе наставници.

Овие три амандани, повторно ќе кажам, се во функција на процесот на децентрализација  и навистина доколку сакаме да носиме квалитетни закони од оваа област, навистина треба да се навлезе и во суштински промени на законскиот текст.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале  62 пратеника, 4 гласале за амандманот, нема воздржан, 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот за бришење на член 22, поднесен од пратеникот Силвана Бонева е повлечен.

Така ли е госпоѓо Бонева?

Значи не расправаме по него.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 23, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука г. Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Ова се неколку амандмани врзани со моделот, не се прифаќаат од истите причини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Како што кажа и самиот министер овие амандмани произлегуваат од потребата за усогласување со новата структура на основното образование кое се предлага на деветтолетката и затоа годините на учениците кои тргнуваат на училиште треба, по мое мислење, да се менува.

Токму заради тоа, од овие причини, е поднесен овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 4 гласале за амандманот, нема воздржан, 59 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 29, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука г. Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Исто и овој амандман не се прифаќа поради истите причини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 4 гласале за амандманот, нема воздржан, 62 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Следниот амандман од госпоѓа Бонева, што се однесува на членот 33 за бришење на став 2 и на став 3 и 4 е повлечен.

Така ли е госпоѓо Бонева?

Овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 14, поднесен од пратениците Славица Грковска и Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓице Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитуван претседателе, ние го поднесовме овој амандман со оглед на тоа што имавме информации дека на Скопскиот Универзитет постои студиска група за архивистика која образува кадри кои можат да вршат дејност од библиотекарството, нашата цел беше само да го прошириме ставот од овој член во кој се вели дека библиотекар може да биде лице кое ги исполнува условите за наставник за одделенска настава и наставник по предметна настава и сакавме да додадеме лице кое има завршено соодветно образование за библиотекар или лице кое има завршено соодветно образование за библиотекар. Значи, само да го прошириме тој став од членот и да ја прошириме можноста и оние кадри кои ја завршуваат таа студиска група да имаат можност да се вработуваат во образованието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 7 гласале за амандманот, 3 воздржани, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 33-а по членот 33, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Има збор министерот за образование и наука г. Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Навистина и овде не знам зошто да не се прифати кога целта на овој амандман е заради потребата да се исфрлат непотребните повторувања. Наведени се членовите секаде каде се спомнуваат зборовите учител и соработник, да се заменат со зборовите наставник и стручен соработник. Заради тоа веднаш отпаѓа потребата од членовите 35, 36, 37, 38, 39, 40, 42, 44 и 45 кои нема потреба понатаму да го оптоваруваат текстот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине министре имате збор.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Должам објаснување, ако може. Точно е дека е така, првата верзија на некој начин беше во таа смисла, но од номотехнички аспекти бевме насочени од Секретаријатот за законодавство да го правиме на ваков начин овој член. Немаме ништо против таквиот начин, но во согласност со законодавство одлучивме на овој модел. Тоа е номотехничка работа, па мислам дека ќе имате разбирање за оваа работа. Затоа се одбива.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 3 гласале за амандманот, нема воздржан, 59 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Следниот амандман поднесен од пратеникот Силвана Бонева на член 34 за бришење на став 1 е повлечен.

Дали е точно госпоѓо Бонева.

Значи, на член 34 за бришење на став 1 поднесен од пратеникот Силвана Бонева е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 41 за бришење на став 1, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата, министерот Положани да се произнесе по амандманот.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот е од иста природа, значи номотехничко прилагодување и затоа амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 3 гласале за амандманот, нема воздржан, 58 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 47 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата, министерот Положани да се произнесе по амандманот.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот се одбива.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 3 гласале за амандманот, 1 воздржан, 59 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пратеникот Силвана Бонева и пратениците Коста Прешоски и Славица Грковска поднесоа амандман со иста содржина односно за бришење на член 48.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 48 поднесен од пратеникот Силвана Бонева и по амандманот за бришење на член 48 поднесен од пратениците  Славица Грковскаи Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Исто така и овој амандман беше дискутиран и на Комисијата поради присутните предлагачи и тие што беа таму и должам мало образложение.

Амандманот не се прифаќа поради фактот што со ова воведуваме практика која се спроведува и сега и во постојниот закон во членот 91 има можност министерот да одобри учебници надвор од земјата со што би ги надминал проблемите и тешкотиите кои се појавуваат за учење посебно на странските јазици, а во последно време сите ги знаете проблемите и немнозинските заедници кои се во помал број. Поради тој факт издавачите не се заинтересирани понекогаш за

публикација на такви учебници и затоа тоа што е веќе во законот и тоа што е веќе практика го уредуваме на овој начин и со овие промени влезе во оваа процедура која ќе биде сигурно транспарентна да се знае што во тој дел се применува.

Од тој аспект мислам дека овој амандман не треба да се прифати, а другите објаснувања ги дадовме на Комисија и мислам дека беа аргументирани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓице Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Би сакала да образложам од кои причини го поднесовме амандманот со г. Прешоски, заради тоа што потполно се согласувам со образложението на господинот министер и токму заради тоа сметаме дека е ова прашање што се регулира со друг закон.

Точно е дека го дискутиравме на Комисија, меѓутоа, не ја привршивме до крај расправата, туку рековме дека ќе ја одложиме и ќе видиме понатаму.

Имено, за што станува збор?

Со ниту еден закон во друг закон во Република Македонија не е забрането издавачите да конкурираат и странски издавачи регистрирани во матичната држава да конкурираат за учебник.

Пред мене имам еден конкурс за одобрување на учебници, меѓу другото во критериумите во доставувањето на ракописи се вели: издавачите на учебници во затворен плик треба да достават име и презиме на издавачот итн, значи воопшто не е битно издавачот од каде ќе биде.

Она што е битно за Министерството е каков ќе биде ракописот, да биде во согласност со концепцијата, во согласност со методологијата на изработката на учебникот и да биде во согласност со наставните планови и програми.

Тоа што најмалку не интересира нас е тоа кој ќе биде издавачот. Друго е прашањето дали е добро издавачи да бидат тие што ќе конкурираат со ракописи на учебници.

Ја поддржувам таа идеја дека би требало авторите да бидат тие што ќе конкурираат, за тоа разговаравме повеќе од една година со професорот Ѓорѓи Ивановски кој до скоро беше претседател на Педагошкиот совет, значи за мене и поприфатливо да биде таква процедурата, а Министерството да издвојува на

конкурс да утврдува најповолен понудувач. Она што е во интерес и на родителите и на учениците е да имаме квалитетен учебник по најниска можна цена и Министерството би требало да биде заинтересирано само за издавачи кои би можеле да го обезбедат тоа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 8 гласале за амандманот, 3 воздржани, 48 против амандманот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат присутните).

Во моментот на гласањето во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 1, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука.

Повелете господине Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

И тука ќе образложам зошто не го прифаќаме амандманот.

Се работи за амандман кој претендира да уредува начин во издавачката сфера каде бројот на учебниците што се дозволуваат да биде неограничен во некоја смисла, а ние предлагаме во постојното решение кое е веќе неограничено најмалку министерот, според законските одредби, дозволува најмалку два, а сега се предлага тоа да биде според амандманот поголем број на учебници, што мислиме дека е еден од аспектите кои создаваат неповолна клима во учебникарската политика и овој пат се обидовме на некој начин да го уредиме во склоп на најмногу три учебници и со тоа може повеќе од еден, но не повеќе од три. Тоа да биде прифатливо и за логиката на конкурентноста меѓу издавачите, а и да не биде толку широка што би тредизвикало неред и хаос во самото учебникарство кое на некој начин е присутно подолго време од овие причини.

Не велам дека тоа што ние го предлагаме е идеална работа, дека е тоа најдоброто решение, но во дадените услови мислам дека со едно такво ограничување и воспоставување на двостепеност на жалење кое го немаше досега, сепак се овозможува можност која може да ги уредува овие односи и се надевам дека ќе придонесе кон консолидирањето на овој аспект на образовната политика во ужебникарството. Амандманот тоа на некој начин го остава пошироко и не верувам дека со таков начин би придонеле во таа насока и затоа останувамe на нашето решение, а уште еднаш велам дека правиме сериозен обид од овој аспект да ја канализираме оваа работа на соодветен начин.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 3 за, 3 воздржани и 57 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 1 за додавање нова алинеја 8 по алинејата 7, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, господинот Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Овој амандман го предлагам поради потребата училишниот одбор да ја преземе одговорноста за спроведување на самоеволуацијата како една од мерките за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието кој е еден од неопходните услови за усогласување на образовниот систем на Република Македонија со европските образовни системи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, 4 гласале за амандманот 2 воздржани и 56 гласале против амадманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 60 став 2, за бришење на ставовите 3,4,5.6,7,8 и 9 за додавање нов став 3 по ставот 2 и за бришење на ставовите 11 и 12 и за нивно заменување со нов став 5, поднесен од пратеникот Силвана Бонева, е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 12, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука.

Повелете господине Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 3 гласале за амандманот, 1 воздржан и 55 против амандманот.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 62 за менување на став 2, поднесен од пратениците Славица Грковска и Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Овој амандман се прифаќа затоа што е во функција на транспаретноста во самото училиште.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и стануа составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 62 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Славица Грковска и Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата да се признесе.

Повелете министре.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Се работи за односот меѓу чинителите во самото училиште и во општината.

Овој дел не го прифаќаме поради фактот што е регулирано со Законот за локална самоуправа каде училиштето е должно да му поднесе годишна сметка на основачот, т.е. на училиштето. На некој начин истиот амандман тоа го сугерира, па поради фактот што тоа веќе е регулирано со друг закон, мислиме дека нема потреба дополнително да се оптоварува. Затоа не се прифаќа. Инаку е регулирана таа работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 7 гласале за амандманот. 1 воздржан и 54 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам, претрес по амандманот на член 62 став 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Имаше збор министерот за образование и наука.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Овој амандман е поднесен затоа што сметам дека би било посоодветно решение извештајот на директорот за реализација на годишната програма да се поднесе не само до Министерството и до основачот, туку и до училишниот одбор и Бирото за развој на образованието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 5 гласале за амандманот, 1 воздржан и 56 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 67 за менување на ставовите 5 и 6, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Бидејќи членот 67 ја регулира сферата на финансирање на дејноста основно образование, овде предлагам форумулата за финансирање на основните училишта да вклучува основен дел кој ќе ги земе предвид потребните трошоци за обезбедување на образовниот процес на едно мало училиште со просечно 50 ученици, а дополнителниот дел на средства да се распределува согласно критериумите на бројот на учениците, изучување на македонскиот јазик или друг јазик кој го говорат заедниците, како дополнителната настава, локација на училиштето и многу други дополнителни критериуми.

Сметам дека многу подобро ќе биде да се регулира на овој начин финансирањето, бидејќи овде само со утврдувањето на бројот на учениците како оснвоен критериум кој се предлага од страна на Министерството, се доведува во

опасност опстанокот на поголем бро училишта во државата, со оглед на тоа што повеќето од половината училишта во државата имаат помалку од 50 ученици. Дополнителните критериуми не се во согласност со оние специфичности во рамките на образовниот процес на основното образование што условуваат разлики во потребните средства за нивно финансирање. Затоа сметам дека ваквата формула која гарантира обезбедување на минимум средства за опстанување на малите училишта и дополнителни критериуми кои ќе ги одразуваат разликите произлезени од дополнителните предметни програми поврзани со јазиците на кои се изведува наставата, како и локалитетот на училиштето, ќе биде многу подобар метод на финансирање отколку понудениот од страна на Министерството.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Мавровски сакате збор?

Повелете имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Почитуван министер, токму тука ги гледаме овие работи за кои долго време расправавме на седницата за територијалната поделба или реорганизација и токму тука беше залагањето за оние мали општини кои со ваквите закони кои сега ќе ги донесеме, ги донесуваме во ситуација, едноставно сите овие помали средини да одумрат затоа што основните училишта, како што вие во вашиот член 67 кој ни е предложен, во ставот 5 каде кажувате формулата став 4 на овој член за распределба на средствата, се изведува од бројот на учениците во основните училишта на своето подрачје. И тука се завршува. Значи основниот критериум е бројот на учениците.

Врз изведувањето на формулата, во последниот став кажувате дека може, но зборот “може” не значи и дека мора да имаат влијание следните објективни фактори: возраста на учениците, планот и програмит екои се реализираат во училиштето, типот на училишниот објект, локација на училиштето и др.

Фактор кој во моментот го гледаме и во државата е дека голем број на основни училишта и не можат да започнат со работа и покрај тоа што беа во ингеренции на Министерството за образование затоа што едноставно се руинирани, така што децата не можат ни да влезат вонив.

Што ќе се случи кога вие на ваков начин со дотации и блок дотации направите нешто од кое општината , бидејќи сето тоа да заживее кажувате дека фазите на

фискалната децентрализација кои ќе се спроведуваат и понатаму, но се тоа ќе се доведе до една потешка ситуација, верувајте ми, затоа што направивме општини каде поодделни градови имаат веќе 65 села кои се приклучени на тој град, а и во самиот град училиштата не се како што треба, вие тоа добро го знаете бидејќи имате поплаки скоро од сите училишта, за финансиски средства. Што понатаму ќе се случува, дали беше целта како што сега се случува во Битола со автобуси да ги пренесуваме децата во основни училишта и селските средини едноставно да ги замреме. Ако тоа е целта, а за тоа кажувавме цело време, мислам дека одиме во погрешен правец и дека овие критериуми, бидејќи точно е дека во поголем број училишта бројот на учениците е некаде помал од 50 ученици. Тоа мора да доведе до една ситуација во која Министерството ќе се избори за овие училишта за да може да функционираат и да работат. Мислам дека со оваа фискализација, локалната самоуправа апсолутно нема да биде во можност да ги одржува овие училишта, а уште помалку оние што сега се руинирани, да ги поправи и да ги донесе во ситуација учениците да може да ја следат наставата. Затоа мислам дека овој амандман треба да го прифатите, да се изнајде нов метод кој ќе доведе до тоа средствата да доаѓаат токму таму каде што треба, а бројот на учениците апсолутно не треба да биде основниот критериум кој ќе определува за оваа работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре имате збор.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Се согласувам дека овој сегмент нормално е сензитивен и предизвикува загриженост и прашања од сите аспекти што јас сум спремен од тој аспект да разговараме. Имено се работи за основата на можното регулирање на образовната политика на ниво на општината која треба да се заснива, колку што е можно, врз база на поедноставни и поправични критериуми. Бројот на учениците, бројот на граѓаните, било како да ги земеш во друг контекст, сигурно дека е еден од основните критериуми кој е прифатен не само од нас туку и од сите анализи, и од Светска банка и од другите со кои веќе работиме и сме работеле заедно за да се дојде до таа формула. Тој пристап сигурно не е идеален, сигурно создава проблеми, но е наједноставен и најправичен во дадениот момент, не само за образованието, туку и за сите други аспекти. Го имате тука и Законот за финансирање на локална самоуправа. Многу аспекти се уредувани воглавно врз база на овој момент, на ученици, во друг момент врз база на граѓани и тн. но тоа не значи дека државата истовремено не предлага и други компензаторни и регулаторни механизми за да не

се доведе во прашање тоа што е минимум и со Устав загарантирано право, а тоа е основното образование кое е гарантирано како задолжително и ќе се организира, без разлика каде и какви услови ќе има. Затоа во формулата се вградени и другите елементи. Има и други механизми, како што спомна и господинот пратеник од аспект на одржување на училиштата, ивестициите кои останувaат на централно ниво, баш поради тој факт сепак да се овозможи еден поширок увид на овие потреби и урамнотежен пристап за реализација на барањата кои со право ги покренуваат училиштата. Така што не треба да се има резерва кон оваа фомула затоа што обезбедени се и други компензаторни механизми и амплитудата на промени, евентуални, во финансирањето на училиштата или на образовниот систем како во макро, така и во микро состојба нема да биде голема. Врз база на наши анализи сме избрале таква формула која нема да предизвикува потреси или несакани влијанија кои обично произлегуваат од такви процеси кои ние ги предвидуваме. Сигурно ние сме заинтересирани да го реализираме процесот на стабилност и сите ученици кои се во системот, нормално да ги имаат тие услови кои со Устав се гарантирани. Кај средните училишта имаме помалку пробелми од тој аспект. Така што формулата мислам дека е едноставна и заснована врз општите прифатливи критериуми за такви распределби, а има и дополнителни механизми кои ќе овозможат и политики во функција не само на реализација на уставното право, на тие помали заедници, рурални, каде исто така ќе се земат предвид и овие услови, како што се оддалеченоста и тн. Така што мислам дека формулата е дадена врз длабоки анализи и можности што за секоја општина се знае како се троши и како ќе биде во иднина. Затоа е замислена во две фази, навистина овој многу важен сегмент на јавната дејност да не биде загрозен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски имате реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ме радува, ако тоа што го кажа министерот е точно и би сакал да ја знам таа формула, бидејќи кажувате дека имате определено за сите општини, па би било добро како пратеници ние да ја видиме, да ни биде презентирана за да знаеме што треба да очекуваат едниците за локална самоуправа со оваа формула што вие кажувате дека ја знаете и знаете во сите општини како ќе функционира. Ако тоа го знаевме немаше да се расправа по овој амандман. Ќе беше многу полесно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре, имате една минута.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Само кратко, во функција на објаснување.

Сигурно дека тоа сме го направиле и сме спремни пак да го направиме.

Во јавната расправа за втората фаза на законот на два пати беа повикани и претставниците од ЗЕЛС за да се произнесат за овие аспекти. Тие се произнесоа. Значи беа вклучени во овој процес.

Исто така, нормално, до реализација на истата, што како што знаете има еден подолг период во објаснувања, доработка, взаемна информираност, ќе следат и други постапки кои тоа ќе го овозможат, бидејќи, верувајте, ние сме многу заинтересирани целата постапка и процесот да го спроведеме, при стабилен образовен систем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, 7 за, еден воздржан, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 69 за менување на насловот на Глава 10 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Насловот е земен од Законот за локална самоуправа и се работи за контрола на законитоста на работата на локалната самоуправа и на сегментите и нивните правни субјекти и не се однесува на контрола на квлитетот. Контролата на квалитетот на образование е професионална работа која што се реализира преку Бирото, сега воглавно и преку Инспекторатот. И затоа останувамe на тоа решение и затоа не се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифтен.

Има збор г=ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Со овој амандман предлагам Главата надзор на работата на основното училиште, да се замени со, обезбедување и контрола на квлаитетот. Бидејќи во овој член не се почитувани целите на реформата на основното образование што Министерството за образование и наука ги има дефинирано во Нацрт нациоалната програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005 до 2015 година која што е печатена во 2004 година. Со оглед на тоа што во оваа публикација веќе се дефинирани целите на образовната реформа за посочениот период потребно е Министерството за образование и наука во предлагањето на измените на законите во доменот на образованието и науката да ги почитува смерниците што самото си ги определило како своја стратешка заложба. Во Нацрт националната програма не се говори на надзор и контрола, туку за обезбедување и контрола на квалитетот. Предлогот за измени и дополнувања на законот се темелени на стратешките заложби на Министерството за образование и наука презентирани во актите кои што Министерството само ги публикуваше. Значи, со овој член се прави усогласување, исто така и со европската терминологија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, 8 за, еден воздржан, 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 70, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА.

Овој амандман е поднесен затоа што реформата на образованието чија што цел е негово приближување кон европските образовни системи. Претпоставува воведување мерки за обезбедување и контрола на квалитетот што се практикува во европските земји. Токму заради тоа новиот член кој што го предлагам содржи дека контролата на квлаитетот се врши преку самоевалуација и надворешна евалуација.

Самоевалуацијата ја спроведува училиштето, а надворешната евалуација ја спроведуваат државниот просветен инспекторат и државниот испитен центар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, седум за, нема воздржан, 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот,.

Отворам претрес по амандманот за додавање нови членови 111-а, 111-б и 111-в, во членот 71 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Во овој амандман е преточена идејата на претходниот амандман. Амандманот не се прифаќа затоа што е врзан со првиот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Со овие предложени членови се воведуваат новите механизми на контрола на квалитет кои што во претходниот член се обидов да ги објаснам, тоа се самоевалуацијата и надворешната евалуација како значаен аспект на реформата на образованието кое што има за цел усогласување на образовниот систем на Република Македонија со европските образовни системи.

Во членот 111-а, се предлага самоевалуацијата училиштето да ја спроведува на крајот на секоја учебна година според методологија која ја изготвува Бирото за развој на образованието, а ја донесува министерот за образование и наука. Училиштето изготвува и извештај за самоевалуацијата кој што му го доставува на државниот испитен инспекторат најдоцна еден месец пред почетокот на учебната година.

Членот 111-б, зборува за тоа дека на крајот на учебната година државниот испитен центар спроведува испит со надворешно оценување по предметите мајчин јазик и математика за учениците од четврто и осмо одделение. Резултатите од испитот државниот испитен центар ги доставува до државниот просветен инспекторат и до училишниот одбор.

Членот 111-в, зборува за државниот инспекторат дека спроведува надворешна евалуација во секое училиште еднаш во четири години според методологија што ја изготвува инспекторатот, а ја донесува министерот за образование и наука. Доколку со надворешната евалуација се откријат пропусти во работењето на училиштето инспекторатот определува рок во кој што тие треба да бидат надминати, а санкциите за неисполнување на препораките на инспекторатот треба да се регулираат со посебен акт изготвен од инспекторатот и донесен од Министерството за образование и наука. Тоа се овие три члена со кои што навистина сакав да помогнам да биде многу поквалитетно решено прашањето на самоевалуацијата и начинот на надворешната евалуација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратении, 9 за, нема воздржани, 52 се против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор?

Има збор г-динот Коста Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Овој текст на законот за основно образование дава навистина гаранција дека со предложените измени и дополнувања ќе се добие едноставен закон и лесно применлив во пракса. Споредувајќи го актуелниот закон за основно образование и овој текст на законот ќе забележите дека навистина се направени суштински измени и дополнувања. Со оглед на истата проблематика т.е. образование само од различно ниво, основно и средно кои се третираат во двата закона и сличната потреба од нивната измена и дополнување, мојата дискусија во однос на текстот на овој закон за основно образование ќе ја усмерам накратко само на спецификите во него, односно на различностите во однос на законот за средно образование. Така во овој текст на законот се предвидува усогласување на нашиот воспитно-образовен систем со европските стандарди, односно со воведувањето на задолжителна подготвителна година. Тоа значи дека основното обрзование се заокружува и трае девет години и тоа се однесува по правило за деца од шест до 15 годишна возраст. Учениците во подготвителната година не добиваат оценки и нивното напредување

се следи и евидентира во ученичко досие кое служи за информирање на родителите и наставниците кои ќе го подучуваат ученикот во прво одделение. Согласно овој закон попрецизно се утврдува и местото на организирање и остварување на основното образование освен во основното училиште и во други установи одредени со закон. Исто така предвидено е дека по исклучок наставата може да се остварува и во скратено траење, но не помалку од 100 наставни денови и притоа се предвидува изработка на посебна наставна програма според која ќе се остварува таа настава. Потоа, за да се обезбеди поголем одмор на учениците водејќи сметка за нивната возраст предвидено е намалување на наставниот час од 45 на 40 минути и при тоа ова да нема влијание на реализацијата на наставната содржина. Исто така, воспитувач во подготвителна година и наставник во оделенски предмет на настава може да биде лице со завршено високо образование со тоа што овој закон овозможува постојниот наставен кадар со завршено вишо образование во оделенски предмет на настава и натаму да ги вршат работите и работните места на кои се затекнати пред донесувањето на овој закон.

На крајот, законот прецизира дека директор може да биде лице кое покрај другите услови пропишани со законот мора да имаат високо образование. Мојата дискусија по текстот на законот за основно образование, тука ќе завршам со тоа што поопштирно и подетално ќе дискутирам за суштинските измени и дополнувања кои се однесуваат на истите одредби на двата закони, кога ќе расправаме по текстот на законот за средно образование.

Поради сето погоре изнесено, ќе гласам за овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-ѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитувани колеги пратеинци, почитуван министре, претставници од Министерството за образование,

Јас како претседател на Комисијата за образование наука и спорт сакам да изнесам дека членовите на Комисијата за образование, наука и спорт на одржаните расправи кои што ги имаше и во првата фаза на разгледување на законот, како и во втората фаза на расправите позитивно ги оценија предложените измени и дополнувања на законот за основно образование особено на делот на нормирањето на обврските произлезени од уставните амандмани и децентрализацијата на основното образование како обврска која произлегува и од Законот за локална самоуправа со која што пред се се овозможува воспоставување на поцврста врска

помеѓу единиците на локалната самоуправа и училиштата, а со тоа и фундаментална одговорност на локалната власт за работата пред се на основните и средните училишта. Во таа насока од дискусиите изнесени по првата расправа, по првото гледање на законот беа прифатени одредени сугестии и укажувања од страна на членовите на Комисијата, а пред се и од учеството на Комисијата и во сите јавни расправи кои што Министерството за образование и Комисијата ги организираа со релевантни чинители кои што земаат учество во развојот на образовната свера. Од тоа нешто во втората фаза на разгледување на законот дојде измената која што беше предложена дека во групата на стручни соработници покрај педагози и психолози, дефектолози и библиотекар треба да влезат и социолози и ние се надеваме дека во идната поставеност на развојот на основното образование овие категории на соработници ќе го дадат својот максимален придонес во подобрување на образовниот процес. Како посебно подобрување е и новото решение за избор на директори на основните училишта, овде спаѓа таа одредба и за средните училишта како и внесување на обврската на директорите за полагање на соодветни испити за директор како една новост во нашето законодавство. Решението кое предвидува кандидатот за директор да го предлага училишниот одбор е пред се во насока на остварување на деполитизација на образовниот процес и ефикасност на истото со доминирање на критериумите на квалитет, наспроти партиската припадност. При тоа, новото решение предвидува кандидатот кој е предложен од страна на училишниот одбор да го избере градоначалникот кој доколку тоа не го стори првиот пат, при повторен предлог од страна на училишниот одбор е должен тоа задолжително да го стори. Ова го зборувам затоа што училишниот одбор е оној клучен фактор кој што пред градоначалникот донесува само еден кандидат кој што е избран по сите критериуми кои што претходно во другиот член како такви се дефинирани и строго нормирани. Ваквото решение дава поголема моќ на училишниот одбор како претставник на сите страни во образовниот процес, а ја исклучува можноста од политички влијанија при постапката за избор на директор. За прифаќање на ваквиот став надлежностите на училишниот одбор беа согледувани моделите и искуствата на повеќе различни земји со цел усогласување на нашиот воспитно образовен систем со европските стандарди. Нормално во било која европска земја не постои унифициран систем, унифициран член кој што ја регулира оваа материја, па ние како таков да можеме да го препишеме и примениме во наши услови. Максимално се залагавме да изнајдеме најоптимално, најсоодветно решение кое што ќе биде во функција на деполитизација на образовниот процес. Со

цел училишниот одбор да допринесе за деполитизација на образовниот процес и да ја игра улогата на застапник на интересите на сите инволвирани така да речам групи во неговиот состав потребно е да членуваат претставници и членуваат на сите страни кои што директно се вклучени во овој процес. За да се оствари оваа цел Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандман со кој што во членот 58 се допрецизира дека претставниците на родителите, или старателите на учениците се членови на училишниот одбор само до завршување на основното образование на нивното дете. Со овој амандман се настојува да се избегне состојбата во која училишниот одбор би станал нерепрезентативен субјект, т.е. во него би имало претставници на корисници, така да речам на услугите и се довел во опасност да ја изгуби својата функција. Токму со цел да се избегне таа политизација. Значи, само родителот кој што има свое дете, кој што е од интерес во тој момент да ја извршува таа улога да биде претставник на тој училишен одбор, а не некои други групи да можат да градат некои свои политички кариери на некој начин врз грбот на работата и политиката во самиот образовен процес и тоа се случуваше . Ккао друго решение кое Комисијата во наредната фаза амандмански го предложи и беше како такво прифатено е од страна на претставникјот на Владата, се однесува на членот 33 и понатаму на членот 77 од Предлогот со кои амандмани се предвидува во иднина и наставниот кадар од оделенска и предметна настава да биде со завршено високо образование, со што се предвидува поголем квалитет во образовниот процес во основното образование, истовремено со него се врши и усогласување со законски утврдените степени на образование. Во оваа насока на давање на законска предност на лица со завршен повисок степен на образование при избор на наставен кадар Комисијата го имаше во предвид и постојниот наставен кадар со завршено вишо образование и во однос на тоа предложи да продолжат да ги вршат своите работи, работите на работните места на кои што ќе бидат затекнати пред денот кога предложениот закон ќе влезе во сила. Со овие амандмани истовремено се насочува усогласувањето на законот за основно образование со законот на високо образование во кој јасно се дефинирани високообразовните степени, а исто така се остава простор на вработените во освновното образование да го дооформат своето образование што и досега како такво се правеше.

Сите амандмани кои што беа предложени од Комисијата и како такви прифатени во Министерството за образование, наука и спорт, сега стануваат составен дел на Законот и јас сметам дека како такви ќе може и тоа како

квалитативно да влијаат во подобрувањето на образовниот процес, бидејќи се слични и на основното и на средното образование.

Предложените решенија кои се предвидуваат со Предлогот на законот и дополнувањата на Законот за основното образование се сметаат за позитивни и насочени пред се кон децентрализација и деполитизација на образованието со што одлуките во врска со функционирање на образовните институции се пренесуваат во надлежностите на локалните заедници, таму каде што нормално треба да има свое влијание она што е клучен фактор на влијание на Министерството останува како такво, кои најдобро ги познаваат локалните образовни проблеми и потреби. Јас сметам дека и при разгледувањето во првата фаза Законот сите констатиравме дека е потребно да го донесеме законот, овој закон со овие амандмански решенија што беа предложени и прифатени како такви и од Комисијата и од членовите на Парламентот кои што предложија свои посебни амандмани навистина ќе успееме да донесеме квалитетен закон.

Од тие причини јас и пратеничката група на ЛДП ќе го поддржиме донесувањето на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Министерството за образование, наука и спорт,

Се јавив по однос на предложениот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование бидејќи на Комисијата за образование, наука и спорт четири часа расправавме по предложениот закон, кој е во втора фаза. Јас верувам дека текстот ги помина сите претходни фази, трибини, расправи по однос на тоа и е дојдено до последниот филтер, односно до конечното решение за измените кои се пред нас.

Моите мотиви да се јавам за расправа по однос на текстот, сега на оваа седница се од една причина што на самата Комисија она што министерот немаше лесна задача, четири часе не убедуваше за некои негови видувања по однос на текстот, ние како членови наметнувавме свои решенија за кои мислевме дека е исправно, значи дојдовме до еден конечен текст, едни конечни решенија. Меѓутоа кај мене остана уште некои недоречености и еве ќе искористам прилика сега тоа да го дискутирам.

Во членот 28 од постојниот закон точно се предвидува кој ги утврдува наставните планови и програми за основно образование, тоа е Бирото за развој на образование, а по предлог на педагошката служба. Зошто ова го говорам? И во текстот кој се менува провејува терминот Биро за развој и педагошка служба, па имаше некои дебати околу тоа. Ова го говорам од проста причина, заборавив да кажам дека навистина со предложениот текст на Законот се зацврстува децентрализацијата во делот на образованието односно основното образование кое е фундамент и се пренесуваат надлежностите во основното образование на градоначалникот и советниците на општините, меѓутоа има една дилема дали е зацртан и реформскиот курс на оваа Влада во однос на предложениот текст на Законот, затоа што во оние закони кои јас можев да ги консултирам (Хрватска, Словенија и други) наставните планови и програми всушност ги утврдува Министерството. Значи не постои некоја друга служба, туку Министерството со целата своја инфраструктура, бидејќи се знае дека во министерствата работата стручни лица. Ова го кажувам и мислам дека главните реформи во однос на тоа треба да се направат таму, затоа што јас и координаторот на пратеничката група Јани Макрадули уште пред шест месеци уредно доставивме една информација за воведување на задолжително изборни предмети информатика и странски јазици и за сето тоа до ден денес немаме добиено одговор. Зошто ова го кажувам? Јас незнам дали службата е должна за сето тоа да ми даде повратни информации во некој одреден временски рок, а ние немавме можност по однос на ова да интервенираме во самиот текст на законот, бидејќи текстот на законот нема можност по однос на ова да интервенира во одреден временски рок, а ние немавме можност по однос на ова да интервенираме во самиот текст на Законот. Текстот на законот за основно образование не ги регулира одделно задолжителните избори и факултативните предмети. Значи, тука ќе треба да се интервенира во самиот текст на Законот.

Треба да се потенцира за она што го спомна и претседателот на Комисијата, за назначување на директори на основно образовние, за кое многу се дебатираше на самата Комисија и се дојде до одредени решенија.

Потоа се спомна за превозот на ученици. Јас мислам дека тоа е регулирано во членот во кој се зборува по однос на тоа дека ученикот има право на превоз ако е оддалечен 2 километри од самото училиште. Јас сметам дека тоа е погрешна формулација, бидејќи во законите од Хрватска, Словенија и други развиени држави кон кои ние тежнееме и чекориме натаму кажуваат дека основното училиште односно единиците на локалната самоуправа се должни. Тоа е нешто сосема

спротивно и така треба ние да го гледаме сето тоа, бидејќи тие ќе бидат должни да обезбедат превоз на ученици кои живеа на оддалеченост над 2 километри по однос на училиштето во кое учат. Ова го говорам од причини што и сега имаме проблем со рационализацијата во училиштата. Сигурно тој проблем најдобро го осеќаат министерот и претставниците во Министерството за образование, наука и спорт, каде што наназад незнам колку години има пример за еден ученик во едно подрачно училиште во приградските населби во Куманово да се донесе наставничка, која по 4 години по завршување на ученикот останува технолошки вишок. Сега ние овде се судираме со проблем дека во тие приградски места подрачните училишта ќе останат без ученици. Тоа е сосема нормално и затоа треба Владата децидно да каже во Законот дека основното училиште и локалната самоуправа, бидејќи се пренесуваат ингеренциите од централната на локалната самоуправа, локалната самоуправа ќе биде должна да обезбеди превоз на тие ученици. Тогаш ќе немаме проблем од таков карактер и рационализацијата во основното образование многу полесно ќе ја сватиме. Ова го наведов само како пример и начин на размислување како би требало понатаму да се интервенира во самиот закон, бидејќи јас верувам дека ова не е последна измена на Законот за основно образование.

Понатаму, Министерството односно државата не треба да штеди средства по однос на фундаментот основно образование, бидејќи тоа е задолжително. Средното образование е нешто друго, следна точка на дневен ред е средното образование, високото образование согласно членот 4 од Законот се регулира како автономно, така да апелирам и до Министерството, а за тоа многу сме разговарале и со министерот по однос на основното образование државата да не штеди пари. Иницијативите, бидејќи тоа неможеме да го направиме со законска интервенција, од типот на изучување на јазици, можност на поголем број странски јазици, информатика да се раздели.

Би апелирал уште еднаш, бидејќи не е спорно дека го поддржувам предложеното законско решение и ќе гласам за, главната реформа во Министерството да се направи по однос на сите служби кои се дел, Бирото, Педагошката служба да бидат составен дел на Министерството, да бидат поефикасни и да си ги извршуваат своите задачи. Она што значи информација, едноставно барање од нив да ја добиваме на време, да знаеме и ние како иницијатори, пратеници една таква информација за изучување на странски јазици и комјутери да ја добиваме во еден брз временски период.

Значи, давам безрезервна подршка на овој закон и апелирам Министерството односно државата да не штеди средства по однос на она што значи фундамент основно образование и се надевам дека ова нема да биде последна измена на овој закон, ќе имаме можности и понатаму да го усовршуваме и дотеруваме Законот за основно образование.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Анастасовски, и јас апелирам да разговараме по текстот на Законот, како и ефикасноста да ја зголемиме.

Повелете госпоѓице Грковска, а потоа е господинот Мавровски.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почиуван претседателе, колеги пратеници, почитуван министер,

Измените кои што се денеска на дневен ред, кои што се предложени произлегуваат од потребата за децентрализација, односно пренезсување на надлежностите од централната на локалната власт во сферата на основното образование во поглед на основањето, управувањето и раководењето во основните училишта во првата фаза, меѓутоа, во првата фаза во која ги гледавме измените на овој закон овој закон содржи многу повеќе членови кои се практично реакција на одредени реални состојби и во образованието, со што се прави обид да се регулираат и да се решат одредени проблеми со кој се соочуваме и кои долго време се наталожени во основното образование. На Комисијата за образование, наука и спорт ние долго време го разгледувавме овој закон и заедно со министерот и претставниците на Министерството наидовме на заеднички решенија и на тој начин многу суштински амандмани кои ги предложивме на Комисијата беа прифатени од министерот и станаа составен дел на Законот, со што мислам дека уште повеќе се подобри текстот на законот.

Сега би сакала да се осврнам само на неколку поенти кои се опфатени со овој текст на закон со цел да се информира јавноста за тоа со кои членови и какви предлози се дадени за подобрување на одредени состојби во образованието.

Она што би сакала да го пофалам во овој закон е тоа што е разработен со неколку членови делот за учебници, актуелен речиси секоја година проблемот со учебникарството, меѓутоа јас сум повеќе приврзаник, а сакам да го поддржам и министерот кој што пред извесно време, а и на Комисијата искажа дека можеби ќе биде потребен посебен закон за учебници во основното и средното образование, со кој што во детали би се регулирала комплетно постапката за учебникарството во основното и средното образование. Се разбира дека овие членови како што е на

пример членот 50 во кој се вели дека за употреба на учебникот во основното училиште ќе одлучува наставничкиот совет по доставен образложен, писмен предлог од стручниот наставен предмет ќе ја подобри постапката и практично ќе го оневозможи, ќе го олабави притисокот на кој се изложени и наставниците и директорите од една страна од издавачите, од друга страна од дел од советниците во Бирото за развој, затоа што сите сме свесни дека пред секој почеток на учебната година започнува хајка најмногу врз наставниците за тоа кој од одобрените учебници би требало наставниците да се
определат да го користат.

Во членот 49 меѓу другото стои дека педагошката служба врз основа на рецензираните ракописи за учебник и стручното мислење на Бирото за усогласеноста на ракописот за учебник со концепцијата за учебник и наставните планови и програми и стручното мислење на Комисијата за вреднување на ракописи на учебник на министерот му предлага ракопис на учебник за одобрување и употреба.

Сакам да го потенцирам следното. Стручното мислење на Бирото за усогласеноста на ракописот за учебник со концепцијата на учебник и наставните планови и програми е една ингеренција на Бирото.

Во членот 64, новиот член 100-а му се дава на Бирото можност да дава мислење за оправданоста на разрешувањето на директорот.

Понатаму, во членот 49, нов член 80-ѓ се бара стручно мислење на бирото за усогласеноста на ракописот а со членот 74 од постојниот закон оценувањето за самостојно извршување и осовременување на воспитно-образовната работа во основните училишта го врши Комисија која меѓу другото содржи советник од Бирото за развој на образованието а понатаму на учител, наставник и стручен работник и воспитувач кој својата работа двапати едно по друго ја оценува со незадоволителна оцена му престанува работниот однос.

Морам да кажам дека овие ингеренции што ги има Бирото се злоупотребуваат од одредени советници. Јас се оградувам и не сакам да фрлам етикети врз сите советници во Бирото за развој, меѓутоа, сите информации кои што доаѓаат до нас укажуваат на тоа дека одредени советници ги злупотребуваат овие ингеренции и ги користат да вршат притисок врз наставниците за да влијаат на изборот на наставниците за кој учебник ќе се определет. Можеби донекаде се подобри ситуацијата откако ги усвоивме измените во Законот за основно и средно образование каде што се регулираше тој дел за конфокт на интереси меѓу

советниците во Бирото, Педагошката служба и другите органи на Министерството да не можат да бидат автори и издавачи на учебници, меѓутоа јас и тогаш немав илузии како предлагач, а и сега немам илузии дека тоа претставува комплетно решавање на проблемот.

Сакам да го охрабрам Министерството со оглед на тоа што се започнати реформи и во основното и во средното образование. За да можеме да ги спроведеме реформите онака како што сите ги сакаме, онака како што ги замислуваме, онака како што сите ги сакаме да ги имаме ние мораме да имаме капацитет на институциите во рамките на Министерството. Значи, мора да имаме реформирани институции кои што можат да одговорат и да ги спроведат реформите кои што се планираат меѓу другото и со овие закони, со проектот за модернизација на образованието, со националната стратегија која што е предложена од Министерството. Значи, сакам да го охрабрам Министерството да биде уште порадикално и да направи точни разграничувања помеѓу ингеренциите на Бирото, ингеренциите на Државниот просветен инспекторат заради тоа што на овој начин имаме државен просветен инспекторат кој што само од техничка смисла ја оценува работата на наставниците, Бирото за развој на образованието, на кој што функцијата би требало да биде сосема поинаква, му се даваат ингеренции кои што исто така се во рамките на оценувањето и имаме извесно преклопување на овие институции.

Покрај тоа со дополнувањата во овој закон се зајакнува улогата во училиштниот одбор. Членовите на училишниот одбор ќе имаат многу одговорна функција во овој период и јас би сакала да се задржам повеќе на овој дел, заради тоа што сметам дека сите би требало да бидат свесни за ингеренциите што ги имаат пред да се нафатат да бидат членови на училишниот одбор.

Значи, сакам да потенцирам, да нагласам, дека измените што се дадени во Законот практично не претставуваат само механичко префрлање на ингеренциите од централната на локалната власт, што е многу позитивно. Значи, не само кога станува збор за изборот на директорите, за тоа ќе зборувам подоцна туку станува збор за раководните органи кои што ќе управуваат со училиштата. Би сакал за ова навистина да го пофалам Министерството заради тоа што со ова покажува дека е на линијата на суштинска децентрализација, а не само во формална, како во малите основни училишта, така и во поголемите.

Во таканаречените мали основни училишта, училишниот одбор ќе биде составен од 7 члена од кои вкупно 4 ќе бидат од наставниците, стручните лица и родителите, значи двајца од наставниците и двајца од родителите а останатите

тројца ќе бидат еден претставник од Министерството и двајца претставници од основачот. Значи, наставниците и родителите ќе бидат тие кои што се мнозинство во училишниот одбор и кои што практично ќе ја имаат можноста да ги диктираат темпото на потребите и да ги носат одлуките кои се во интерес на учениците.

Во големите основни училишта училишните одбори ќе имаат девет членови и тоа шест вкупно, по тројца од наставниците и родителите и тројца, еден претсавник од Министерството и двајца од основачот. Значи во поголемите основни училишта се зголемува бројот на влијание на членови кои се од наставниот кадар и од страна на родителите.

Во членот 97 се нагласуваат ингеренциите, меѓутоа исто така и улогата на учлишниот одбор при изборот на директор. Значи за разлика до сега кога праткично беше формална улогата на училишниот одбор, сега имаме прилично суштинска улога на училишниот одбор и тоа не само кога станува збор за избор на директор туку училишниот одбор со овој член предлага статут, годишна програма, финансиски план и тн. и тн. врши интервју на кандидатите за директор и она што е важно на градоначалникот на општината му предлага еден од пријавените кандидати на објавениот оглас со кој претходно се извршени разговори.

Во членот 98 е предвидено дека градоначалникот е должен да го почитува предлогот на училишниот одбор. Доколку тоа не го направи, имам предлог, училишниот одбор може повтроно да предложи и тоа само еден кандидат за избор на директор до градоначалникот, а во тој случај по вторито пат градоначалникот е обврзан да го почитува мислењето на училишниот одбор.

Значи, уште еднаш сакам да нагласам дека и во овој случај се гледа дека не претставува механичко префрлање на одговорноста од Министерството на локалната самоуправа. До сега имавме случај кога училишниот одбор даваше мислење до Министерството кое што мислење Министерството не беше обврзано да го почитува. Немаме само сека замена на министерот со градоначалникот, туку напровив, улогата на училишниот одбор станува клучна кога станува збор за избор на директор. А, бидјеки составот на училишниот одбор мнозински е составен повеќе од членови на наставниците и родителите, а помалку од основачот, значи интересот на наставницит еи на родителите во тоа училиште ќе биде пример.

Она што би сакал да го потенцирам како позитивно е тоа што училишниот одбор ќе има контрола на директорите, во членот 64, што практично претставува мислење и дополнување на членот 100 од постојниот Закон. Таму се зборува за тоа, врз основа на што директорот на  основното училиште може да биде разрешен. Во

измените се вели дека, доколку училишниот одбор има сознанија дека директорот ги крши ингиренциите што ги има, свикува седница и во присуство на претставникот на Државниот инспекторат врши интервијуирање на директорот и претставникот дава мислење за оправданоста на разрешувањето на директорот.

Во наредниот став се вели дека доколку училишниот одбор оцени дека е неопходно, тогаш во рок од 7 дена доставува предлог за разрешување на директорот до градоначалникот. Тоа до сега не беше случај.

И, сосема на крај, околу контролата, во членот 71 се додаваат нови членови 111-а и 111-б кои што практично го регулираат надзорот над работата на органите на општината од страна на Министерството. Нема да се задржам подетално на секој член, мутоа мислам дека ова е многу позитивно, заради тоа што до сега имавме случај градоначалниците да не ги почитуваат одлуките што ги носи Советот, а обврзани се на тоа, да не ја спроведуваат Програмата на општинскиот Совет. Ако се случува истото и кога станува збор за образованието да не се почитуваат одлуките на училишниот одбор и градоначалникот, во таа смисла и во смисла на финансирањето, во смисла на ингеренциите што ги добива во основното образование, доколку не ги почитува одлуките, мислам дкеа ќе биде многу значајно што ќе има контрола од страна на Министерството и нема да биде препуштено така како што е, за жал, случај кога голем дел од градоначалниците практично ја злоупотребуваат својата извршна власт и не ги почитуваат одлуките што ги носат останатите органи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам и на Вас.

Повелете г. Мавровски, а потоа нека се подготви пратеникот Силвана Бонева.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. претседателе.

Почитуван минситре, колеги пратеници,

Би сакал да проговорам по однос на текстот на законот. Би почнал со членот 1 каде што се говори дек аосновното образование трае 9 години. Тоа е прикажано како една новина. Но, ког аподобро ќе видиме како сето тоа е објаснето, задолжителното основно образование опфаќа 1 година подготвителна настава, 4 години одделенска настава и 4 години предметна настава. Значи апсолутно ништо не се менува во суштина. Останува се исто. Очекував дека овде ќе има некоја поголема промена. Барем во последните 2-3 години во оваа предметна настава веќе учениците во

основните училишта да имаат некои сознанij аи начин на кои што ќе се пренасочуваат за понатамошното нивно образование во средните училишта каде што ќе дојдат подготвени за она што ги очекува понатаму. Очекував дека тука ќе биде таа крупна промена што Министерството за образоваие ќе ја направи, очекувајќи дека нашиот образовен процес, почнувајќи од основното, продолжувајќи со  средното и завршувајќи со вишото образование, доаѓаме во ситуација кога, можеби во некои ситуации премногу се учи, но во основа не ги добиваме оние стручни кадри што на државата и се потребни. Не ги оспособуваме во овнаа можност што треба да го даде ова образование.

Значи, суштинската промена од 8 на 9 години, а тоа го имавме и до сега, значи тоа с тие забавишта или групи што се формираат во одредени институции, тие сега влегуваат во законот за шти би проговорил на крајот. Тоа е регулирано со еден член од законот, со членот 75. Мислам дека и тука Министерството ќе има многу проблеми и единиците за локална самоуправа како сето ова да го спроведат.

Понатаму, би се осврнал на членот 11 каде што има две промени. Мислам дека и во двата става што се менуваат треба, каде што со наставните програми се уредуваат целите, наставните подрачја и теми, образовните стандарди и профилот на наставник што ја реализира наставната програма. Мислам дека вака кажано е премногу описно. Ова може секој да го користи или да го злоупотреби. Ние, врз основа на целите, наставните потреби, подрачја и теми, образовните стандарди и профилот на наставник, мислам дека сето ова треба да биде дефинирано точно и прецизно за да не може секој да го толкува онака како што тој мисли дека треба да го толкува.

Исто, во ставот 2 каде што се додава нов став, говориме за наставните програми, дека се изработуваат според модел за програми што го донесува минситерот на предлог од Бирото. Во моделот се утврдува и флексибилноста во реализацијата на наставните подрачја и цели. Што со оваа посебна реченица, во моделот се утврдува и флексибилноста во реализацијата на наставнит еподрачја и цели претставува , сигурно министерот и господата кои работеа на законот знаат многу повеќе. Но, мене, апсолутно ништо не ми значи. Флексибилност подразбира од една до друга крајност. Каква ќе биде таа флексибилност, зависи од оној што ќе побара или од оној што ќе ја побара. Мислам дека тука треба да биде многу прецизно за да нема манипулирање и да нема секој своите модели и програми, бидјеки ги донесува минситерот, да ги утврдува, после тоа и да ги работи според

флексибилноста што ќе треба да се донесе на наставните подрачја и теми. Мислам дека апсолутно не е во ред.

Во членот 17, каде што се говори дека по исклучок наставата може да се остварува и во скратено траење, но не помалку од сто наставни денови по добиена согласност од Министерството, според посебна наставна програма. Ова е еден нов момент. Тука требаше да се регулира и правото на штрајк.

Од друга страна, можеби не во овој член, туку генерално сакам да кажам дека државата треба да предвиди и нешто што барем со овој закон  или во законот што го имаме во однос на талентираните ученици, да овозможиме оние талентирани деца што државата ќе треба да ги следи преку своето Биро или педагошките совети што функционираат во државата, на тие деца да им овозможиме во многу пократок рок да го завршат основното образование, ценејќи и почитувајќи ја нивната, сигурност следејќи го она што тие можат да го направат, на тој начин во Република Македонија, сигурно дека е ова исклучок од правилото, дека ги нема многу, но и во овој закон тоа треба да го регулирам еи да го предвидиме. Значи овие талентирани ученици д анајдат начин во пократок раок да го завршат она што значи основно образование и да се приклучат во средното образование. Тоа функционира во многу држави, во Европската унија и поранешните држави на Источниот блок.

Понатаму, членот 21 каде што во членот 36 бројот 45 минути се заменува со бројот 40 минути, ова сигурно учениците со задоволство ќе го прифатат, но мислам дека суштината не е во должината на времетраењето на часот. Дали е 45 минути, дали е 40, дали е 30 минути, апсолутно не решава. За многу работи јас мислам дека треба самите наставници да ја пронајдат, се разбира и Министерството, да пронајдат нов начин како ќе им биде презентирано сето ова на оние дечиња од 7-8 години кои треба да го задржат нивното внимание 40 или 45 минути. Мислам дека тука е начинот на кој што треба нештата да се променат. Во тие 5 минути, апсолутно дали професорот и сега ќе дојде порано или ќе замине подоцна, мислам дека не менуваат многу работи. Жално е и денеска да гледаме дека наставната програма се одржува и се држи на таков начин како што се одржувала пред 40 години кога и ние сме учеле.

Понатаму, членот 22, во кој што кажуваме за припадниците кои следат настава на јазик различен од макеоднскито јазик, го прославуваат традиционалниот ден на просветата на соодветната  заедница со културни и други манифестации.

Ислам дека ние имаме еден заеднички празник, дека многу често искажуваме и револти затоа што нашиот празник можеби го злоупотребуваат некои соседни

држави и некои подалечни држави, го слават истиот празник. Меѓутоа тоа треба да не прави горди. Но, еве ние не наоѓаме за поволно во нашата држава, во нашата татковина тоа да го направиме заедно со луѓето кои живеат со макеоднците од различно етничко потекло. Мислам дека ова апсолутно не е во ред. Дека овој член едноставно треба да се брише од законот. Не знам зошто не проговори никој од колегите од позицијата, но мислам дека ова апсолутно не држи и дека треба да најдеме нов начин за сето ова да го регулираме.

Во членот 48 кажуваме дека на конкурс може да учествуваат и издавачи на други држави што се регистрирани за вршење на издавачка дејност во матичната држава. Јас не знам дали некој од нашит еиздавачи може да учествува во некоја друга држава каде што ќе може да добие на конкурс, дали до сега се случило некој да добие на таков конкурс, мислам дека не. Можеби минситерот знае нешто пвоеќе од мене. Но, во секој случај, ако веќе сакаме да ги заштитиме луѓето кои се занимаваат со издавачка дејност во Република Македонија, треба да го направиме тоа да бидат точно од Република Македонија.

Понатаму, во членот 51, став 2, за перманентно унапредување на квалитетот и осовременување на одобрениот учебник, после 5 години од првото издавање Минситерството може да објави нов конкурс. Токму за ова говорев посебно во техничките науки и оние науки кои што во моментов со силно темпо се развиваат и одат напред. Апсолутно, терминот од 5 години не би требало да биде рок. Мислам дека тоа треба да се прави почесто и да се следат сите овие технички науки. Токму тие предмети да бидат основ што ќе ги изучуваат децата во основното образование , со што би се прилагодиле многу побрзо во средното образование и сето она што понатаму ги очекува во вишото образование. Веќе да ги насочуваме и основното образование да биде во контекст на оспособување на децата  за понатамошните потреби на Република Македонија и оваа држава.

Тука би ја подржал колешката Грковска во однос на она што беше за изборот на учебници, за што доста проговори, а што претставува тема што многу често, пред почнување на секоја учебна година е многу интензивна, дека еве тој учебник е најприфатлив, па доаѓаат по 3, па 5, па 6 учебниви. Еве, со овој закон веќе се дефинира дека тоа можат да бидат околу 3 учебници. Но, во секој случај треба да се изнајде начин Министерството да ги најде темите и она што се обработува во нив, дали се тоа од македонски јазик или на учениците кои се од немакедонско етничко потекло, мислам дека едноставно треба да бида тприлагодени на наставните програми и да не учиме една држава  за 2 или 3 или пак 4 различни држави. Така

што, понатаму и во средното, а и во вишото образование да доаѓаме до некои проблематични конфликтни ситуации и да не знаеме едни за други. Мислам дека тоа треба апсолутно да го исфрлиме уште сега.

Во членот 60, што мислам дека беше доста фален од господата од позицијата, каде што се говори за директорот на основното училиште, но не слушнав некој да каже дека директорот, тоа е ставот 2, за директор на основно училиште се избира лице кое покрај општите услови утврдени со закон ги исполнува и условите за наставник, педагог или психолог во основното училиште, има најмалку 5 години работно искуство во установа за воспитно-образовна работа, верифицирано од Министерството и положен испит за директор.

Сега би ја поставил работата малку поинаку. Што сега треба сите овие професори, наставници, педагози, психолози, кои се моментално во основното образование и кои имаат повеќе од 5 години работен стаж, дали тие сите ќе почнат да полагаат за директори и да се гледаат себеси како директори кои на наредниот конкурс, ако немаат положен испит за директори би биле во понеповолна ситуација од оној кој веќе го има положено испитот. Мислам дека на овој начин го исфрлиме квалитетот, за што би проговорил сигурно и наставничкиот совет и одборот на родители и тие би го избрале оној човек кој во тоа училиште навистина нешто значи. На ваков начин со тоа што треба да има положен испит за директор, во првиот момент јас ве сфаќам дека тоа треба да го направиме, но што понатаму? Дали сите наставници и педагози ќе треба да положт испит за директор за да можата да конкурираат на објавениот конкурс за дитектор? Мислам дека овде ќе требаше малку повеќе сенс, да се размисли малку повеќе затоа што од овие луѓе кои се во основното образование, ако ние го бараме сето ова, дека ќе дојде до проблем. Затоа што ќе ги издеференцираме оние наставници кои имаат и кои немаат положено директорски испит.

Членот 68, во кој што кажувате дека општината може да ја дополни добиената блок-дотација, односно наменска дотација за образование со средства од сопствени извори, освен за платите на вработените во училиштата. Тука доаѓа она што се говореше и во амандманите, за самоевулација и за еваулација на установите, затоа што на ваков начин би ве запрашал јас г. минситер, кој е стимулот за овие наставници кои работат во основните училишта? Дали тоа ќе бидат и понатаму нивните 9 -10 илјади денари плата што ќе ја добиваат сите, без разлика на остварениот успех, без разлика н анивниот дополнителен ангажман во училиштето и без разлика на то акои какви ученици вади. Со ова, апсолутно, бидјеки е ова многу

чувствителна тема, ќе треба добро да се размисли, затоа што на ваков начин ние кажуваме дека правиме една урамноловка, а од друга страна говориме за нов систем, ги враќаме луѓето на нешто што едноставно и сегашниот систем, тоа ви е познато малку повеќе отколку мене, сите овие штрајкови што се случуваа, сите големи незадоволства, ќе придонесе уште пвоеќе да дојде до вакво. Мислам дека тука треба да се размисли и затоа оваа евалуација, проверката и контролата од вашето Министерство, од надлежнит еинспекторати и од самите наставнички совети и од она што ќе биде функционирано во самото училиште, треба да донесат до резултати што токму ќе бидат стимуланс за наставниците да можат понатаму што подобро да ја обавуваат својата работа.

Во членот 104-б кој исто така го поставувате, се кажуваат податоци од финансискиот план и од завршните сметки на основнит еучилишта, а општината ги објавува во своето службено гласило. Министерството утврдув акои податоци ќе бидат објавени. Зоштоне сите? Зошто Министерството си зема за право, бидејќи сега веќе кажуваме дека се префрла на единиците на локалната самоуправа, мислам дке аоние кои се основачи треба да ги знаат сите овие податоци и тука апсолутно не треба да правиме нешто што вие си земате за право, т.е. Министерството да кажува кои податоци ќе бидат објавени.

И, во членот 75 за кој што говорев и е поврзан со членот 1 каде што се говори за постојните забавишни групи во основните училишта, што продолжуваат да работат како групи за подготвителна година, почнувајќи од 1 септември 2004 година.

Во ставот 5 се кажува дека вработените воспитувачи во јавните детски градинки кои ќе работат во групи за подготвителна година од став 2 на овој член од 1.09.2005 година ги преземаат основните училишта на општината на чие подрачје се врши воспитно-образовната дејност, согласно критериумите за утврдување на потребен број на работници во дејноста на основното образование. Што значи ова мислам дека треба да се регулира, затоа што локалните избори се поместени за март месец 2005 година, дали бројот на овој потребен број работници ќе биде дефиниран многу пред тоа или со самиот почеток на единиците на локалната самоуправа. Во основа е добро што надлежностите се префрлуваат на единиците на локалната самоуправа, добро е да се формираат овие совети на училиштата и тие ќе имаат поголема контрола, а на некој начин основачот, во случајот градоначалникот на општината, едноставно станува извршител, врз основа на она што ќе го поднесе Министерството, врз основа на она што ќе го поднесе советот, тој

самот треба да ги спроведува работите кои овие установи треба да ги достават до него. Мислам дека требаше да се има малку повеќе сенс. Можеби наредните промени би биле во согласност со квалитетот на наставата и она што значи основно образование и тука треба да се посвети поголемо внимание. Ова ќе го видиме со самата децентрализација, како ќе одат фискалните работи е многу битно и за вас како Министерство и за единиците на локалната самоуправа, колкаив ќе бидат средствата што ќе се обезбедат за да функционираат овие основни училишта и тука мислам дека треба да се води основната битка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господине Мавровски, сакам да кажам во прилог на вашата дискусија кога рековте дека треба да се ревидираат учебниците. До септември 2002 година, пред да дојдеме ние на власт, околу 200 учебници беа одобрени без да биде воопшто донесена концепција и методологија за изработка на учебник што е законска обврска на Министерството.

Со донесувањето на концепцијата и методологијата за изработка на учебници Министерството треба да направи ревизија за сите учебници кои дотогаш, практично на незаконски начин со неисполнување на таа законска обврска, се поминати без вина на авторите и на издавачите. Тука тоа би сакала да го потенцирам.

Не се согласувам со вас дека со полагањето испит за директори ќе имаме отфрлање на квалитетот. Оној наставен кадар кој што е квалитетен, кој што смета дека може да ја извршу функцијата директор мислам дека ќе инвестира во своето образование понатаму и ќе го полага испитот, меѓутоа, испитот да не биде само теоретски, туку да има и дел од обука затоа што искуството покажува дека добар наставник не значи автоматски и добар директор. Директорот треба да има и менаџерски способности, треба да знае како да се справи со состојбите во основното училиште со кое наставниот кадар во наставниот процес не се соочува. Заради тоа мислам дека ваквото решение е добро, со тоа што да има некаква практична обука, со симулации на одредени случаи, за да може да се види како тие наставници кои сакаат да станат директори се снаоѓаат во една таква ситуација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата има г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вред е тоа што се изврши ревизија, но последните учебници го кажуваат она што се случува во моментот во државата, имено, дека и новите учебници се полоши од оние што беа, односно од старите. За тоа говорев и мислев дека ме разбравте, а и вие говоревте во таа насока.

Второ, тоа што велите дека директорот треба да биде нешто посебно, за разлика од добрите наставници, не значи дека ќе биде и добар директор, апсолутно се согласувам, но во Законот пишува дека директорот се избира од самите наставници, педагози и психолози кои сега работат во основното училиште. Во старт вие не можете секој човек да го ограничите и неговото мислење да го оставите на страна дека тој може или не може да биде директор. Едноставно со ова ќе го натерате секој оној кој што можеби и не е квалитет да почне да се обучува за директор. Дали тој ќе биде вистинскиот избор, мислам дека не е добро на ваков начин да се дефинира. Можеби треба да се направи некоја насока на факултетите чисто за менаџмент за да можеме да имаме за 4 години или не знам за колку време менаџери директори во основното и средното образование.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме понатаму со дискусија.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и господа, почитуван министре,

Би сакала да го искажам својот став за понудениот Предлог на закон за основно образование.

Во самиот Предлог на закон се вели дека целта на промените на законот е усогласување со барањата за децентрализацијата, меѓутоа, во сите Предлог закони од областа на образованието за кои ќе расправаме во текот на денот всушност не гледам дека се предлага нешто сериозно што е поврзано со целите на децентрализацијата. Министерството за образование и наука, како што кажав во текот на амандманската расправа изготви Нацрт национална програма за развој на образованието во Република Македонија и во неа се дадени решенија поврзани со ре формата во образованието какви што се: воведување на деветгодишно основно образование, нови единици при Министерството за образование и наука кои одговараат на новите барања на реформите кои треба да се спроведат, Државен просветен инспекторат и државен испитен центар, потоа нов начин на контрола на

квалитетот и многу други нешта. Од сите предложени решенија речиси ништо не е влезено во Предлогот на законот.

Од предложените законски решенија е очигледно дека Министерството за образование и наука не ги направило сите неопходни подготовки за суштинска децентрализација во образованието.

Законот почнува со член 1 каде што се кажува дека се воведува деветгодишно основно образование, но на многу прост и лесен начин, едноставно предучилишното образование, онаа една година што ја посетуваат нашите деца, се прилепува механички на осумгодишното основно образование. Деветгодишното образование, како што ние го сваќаме, претпоставува една радикална промена во системот на основното образование, во рамките на која тоа ќе биде поделено во циклуси, од кои секој си има своја посебна цел, посебна организација на наставата и особено посебен начин на следење на квалитетот на образованието.

Образложението на министерот при одбивањето на мноштвото амандмани кои ги доставив на Законот за основно образование беше дека во некоја наредна фаза ќе се размислува, бидејќи сега не е во можност да се направи ваква реформа во основното образование. Меѓутоа, навистина е потребна радикална промена во системот на основното образование, во рамките на која би требало да има посебна организација на наставата за трите циклуси. Траењето на секој циклус, како што кажав во амандманската расправа, би било три години, тоа е земено решение, односно земени се предвид моделите на основно образование на Република Словенија, која ја надмина својата експериментална фаза и која веќе е во состојба да ни понуди решенија за разгледување и ние треба навистина со мала адаптација да ги примениме и кај нас.

Еден од големите недостатоци на овој Предлог на закон е отсуството на соодветни решенија за образовниот менаџмент. Во Предлогот на законот понатаму не е дефиниран односот меѓу централните и подрачните училишта. Исто така, не е земена предвид реалната состојба на теренот, со оглед на бројот на учениците и паралелките, при определување на минимумот што треба да се исполни за да се организира едно училиште. Бројот од 16 паралелки, што се предлага во Предлогот на законот како минимум е во вистински расчекор со реалната состојба на бројот на учениците во поголемиот број на локалитети во нашата држава. Тоа ќе доведе до отежнување на процесот на образование и затворање на огромен број училишта и токму од овие причини беше доставен амандманот со кој баравме 9 паралелки да

биде минимумот за основање едно ужилиште, тргнувајќи од реалните состојби што ги имаме во државата.

Понатаму, Нацрт националната програма предвидува следење на квалитетот на образованието преку редовно спроведување на самоевалуација како мерка на сопствено преиспитување на резултатите и реално поставување на целите, како и надворешна евалуација како еден механизам на надворешна контрола на исполнување на образовните цели. Во членот 71 видовме што стои, а беа одбиени амандманите со кои се нудеше една реформа и во оваа сфера. Во Предлог законот се си останува по старо.

Со нашите амандмани настојувавме да дадеме свој прилог во исполнувањето на целта што е поставена во Нацрт програмата, затоа што цените дека реформата на образованието претставува еден континуиран процес во кој секоја партија, без разлика дали е од позицијата или опозицијата, треба да го даде својот придонес.

Понатаму, во Предлогот на законот е предложено за директор да биде избрано лице кое и покрај општите услови утврдени со закон, треба да има положено и испит за директор. Тоа е членот 60. Она што овде е многу симптоматично не е барањето за познавањето на образованиот менаџмент како услов за успешно директорување, туку со законот се уредува начинот на кој тоа знаење се стекнува и институцијата која го обезбедува процесот на учењето. Меѓутоа, овде се прашувам од кога Министерството за образование и наука стана високо образовна установа која дели уверенија, односно лиценци за поседување на соодветни знаења. Навистина во образовните тела на новата високо образовна установа има и универзитетски професори, но тие веќе соодветствуваат со целите на ова, си имаат организирано студии, меѓу другото и студии кои соодветствуваат со целите на оваа реформа во доменот на менаџментот.

Затоа, предлагаме професорите да си останат на факултетите и таму да си ја обавуваат својата дејност, а Министерството за образование и наука да се држи до она што му е определено како дејност со Законот за организација на органите на управата.

Сепак, најголем проблем што може да произлезе, доколку се прифатат измените и дополнувањата на овој закон, се однесуваат на финансирањето. Се предлага финансирање според нова формула, ние немаме ништо против формулите, дури цениме дека тие се најсоодветниот начин за распределба на средствата во доменот на образованието, но апсолутно не сме согласни со

формулата што се предлага. Предложената формула не само што не е соодветна за реалните состојби кај нас, туку и страшна и заканата за образовниот систем во целина.

Во оваа држава, почитувани дами и господа, за тоа многу зборувавме кога го донесувавме Законот за децентрализација. Имаме големи области во кои има голема површина со нерамномерен распоред на населението, имаме огромни простори каде што имаме многу мал број на население и ако оваа формула навистина се прифати, во која основниот критериум е бројот на учениците, тоа значи дека барем половината од училиштата во државата треба да се затворат веднаш би почнала примената на ваквата формула. Нашата анализа што ја направивме за да го провериме функционирањето на таквата формула ни покажа дека во нашата држава половината од училиштата имаат помалку од 50 ученици.

Предложениете решенија во законите, не само Законот за основно образование туку и другите закони во сферата на образложението, се такви што можат да го обезбедат образованието во густо населените делови на земјата, односно делови во кои има висок наталитет, но кои нема ни оддалеку да ги обезбедат потребните трошоци на образованието во деловите на земјата со низок наталитет и со мал број на ученици. Тие ќе предизвикаат несогледливи последици на миграции на населението од селата, во кои нема да има образовни институции, кон градовите, каде што единствено децата ќе бидат во состојба да се школуваат. Со тоа Ќе бидат поткопани основите на нашата економија, која и сега во голема мерка се потпира на земјоделството и сточарството. Овде навистина се прашувам која е суштината на децентрализацијата, дали не зборуваме цело време дека децентрализацијата значи доближување на услугите до граѓаните, или пак како што се решенијата што се нудат со овој закон, оддалечување на основните услуги меѓу кои е и образованието на децата од  центарот, односно од местото на нивното живеење и на тој начин уште повеќе отежнување на животот на населението во нашите села.

Сметам дека навистина овде треба сериозно да се размисли, бидејќи доколку членот 67, односно неговите ставови 5 и 6 со кои се дефинира оваа формула се изгласа од ова Собрание, ќе повторам, тоа ќе предизвика несогледливи последици и по нашиот образовен систем, меѓутоа и по севкупната економска состојба на одредени региони во државата, бидејќи ќе бидат подложни цели краишта на принудно иселување.

Преземањето на дел од финансиите на локално ниво не би требало да значат само добивање на моќ на одредени општини, туку и да се преземат одговорности и треба јасно да биде кажано во кој дел државата ќе преземе одговорност, а во кој дел одговорноста ќе биде препуштена на локалните субјекти и тие прашања во овој Предлог на закон навистина не можеме да ги видиме.

Само за компарација да кажам дека имав можност да видам дел од Хрватскиот закон за основно образование, кој што концепциски е близок до нашиот и внатре многу јасно е кажано што осигурува Републичкиот буџет. Вели, тоа се платите, перманентното усовршување и дошколување на наставниците, условите за нивната работа, зголемување на трошоците за школување на талентирани ученици во уметнички програми, деца со тешкотии во развојот, за програмите за работа на експериментални основни училишта, дејноста на организациите и институциите од информатичкиот домен и таксативно се набројани сите ингеренции на Републичкиот буџет, односно што е тоа што го осигурува Републичкиот буџет, а понатаму е кажано што се пренесува на општинскиот буџет, односно на градскиот буџет и јасно е кажано дека тоа е превозот на учениците кои живеат во населби оддалечени од училиштето, исхраната на учениците, амортизација и материјални трошоци за основните училишта, неопходниот простор, опремата и наставните помагала за основните училишта. Повторно ќе кажам, јасно е нагласено и разграничено што е тоа што ќе го финансира државата, а за што ќе се грижат општините.

Исто така, и Норвешкиот закон за образование содржи цело поглалвје кое се занимава со надлежностите и одговорностите на општината, на регионот и на државата. И таму е јасно кажано што ќе финансира државата, што ќе финансира регионот, а што ќе финансира општината.

Од просториите за дневен престој на предшколските деца, понатаму на школските деца, понатаму што е тоа кој го обезбедува школскиот превоз, кој ги обезбедува средствата за музички курсеви, за други културни активности, значи апсолутно целокупната  анализа за секој сегмент од областа на образованието и кој си ги превзема обврските за нивно финансирање.

Значи децентрализацијата, која што се наведува како основна причина за измени и дополнувања на законот за основно образование, навистина значи сериозно разгледување, токму и на оваа сфера од основното во средното образование, за ученичкиот стандард, значи финансирањето, пренесувањето на средства, односно јасно разграничување на  обврските за финансирање, за да може непречено да се одвива процесот на образованието во државата.

Кај нас со законот не постои општински, односно градски орган кој што е надлежен за основното образование, значи не е предвиден ваков орган, кој што навистина ќе се грижи за основното образование на територијата на една општина и во законот е дадено само дека градоначалникот е единствената фигура од општината, која што би имала ингеренции по образовниот процес.

Практично се сведува тоа на разграничување и разрешување на директорите на основните училишта.

Затоа почитувани дами и господа, сето она што го кажав, од сите амандмани кои што ги доставивме, со цел да го подобриме законскиот текст, за да овозможиме еден вистински процес на децентрализација, сметам дека овој Предлог на закон за измени и дополнувања на Законот за основно образование, би требало да се повлече од процедура, да се пристапи кон негово сериозно разгледување, се во интерес на подобрата децентрализација, односно на започнување на еден вид вистински процес на децентрализација во основното образование.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе, дами и господа, министре, претходните колеги го образложија во еден дел, или во еден сегмент Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование, нема да ги повторувам нивните дискусии, освен во оној дел во кој сметам дека навистина не е добро регулирано со предлогот поднесен од Владата.

Јас би сакала да започнам со членот 18 од предлогот или поточно членот 31-а во кој се вели: “воспитно образовната работа, не е да се прекинува во текот на наставната година, освен за вонредни состојби, природни непогоди, епидемии и друго, за што решава основачот, а во согласност со Министерството”.

Став 2, во случај на прекин на воспитно образовната работа во основното училиште се обезбедуваат минимални услови за работа, кои што се донесуваат со упатства кои ги донесува министерот. Се е убаво вака како што е срочено во Предлогот на законот, меѓутоа, што ако наставниците, или родителите, или мнозинството во училишниот одбор, почитуван министре, решат да ја прекинат воспитно образовната работа за определени работи за кои сметаат дека треба да бидат така како што тие предлагаат, а од Министерството немаат согласност, или Министерството потполно се оглушува на нивните барања. Мора само да отсетам

дека согласно Уставот, или членот 38, прекинот на воспитно образовната работа или процесот, всушност, значи штрајк. А во членот 38 од Уставот се гарантира правото на штрајк. Би сакала Министерството да размисли добро во поставувањето на ваква забранувачка одредба во законот во однос на образовната работа. Сепак се работи за еден процес во кој ние инвестираме во нашите деца за иднината. Сигурно дека не само министерот, туку и целото Министерство не може да размислува исто како и родителите и наставниците во тоа училиште, каде што тие непосредно немаат контакти. Тоа е во тој дел. Ќе го поддржам колегата Спиро Мавровски во однос на членот 22 во однос на традиционалниот ден на просветата на соодветната заедница со културни и други манифестации дали има потреба воопшто да стои ваква одредба во Предлогот на законот. Ден на просветата на Република Македонија е еден. Мислам дека во тој контекст треба да оди и целиот Предлог-закон.

Во однос на членот 33 ставот 1,2,3,4,5,6, наставници за предметите за кои наставата се изведува на странски јазик можат да бидат и лица странци односно странски државјани кои имаат соодветен вид на образование и го познаваат јазикот на кој се изведува наставата, за што согласност дава Министерството.

Дали не сметате министре дека ова е во спротивност со Законот за работни односи со кој што вработен може да биде државјанин на Република Македонија, или веќе ако се работи за странски државјани, имаме закон за вработување на странски државјани. Дали мора оваа одредба вака како што е формулирана, за вработување на странски државјани да постои во Законот за основно образование.

Во однос на членот 41 или основниот член 74 во кој се вели: “за самостојно извршување и осовременување на воспитно образовната работа во основните училишта, учителите, наставниците и стручните работници и воспитувачите се оценуваат секоја втора година. Со Предлогот на овој закон зборот “втора година” се заменува со зборот “секоја четврта година”. Можеби некој размислува дека и треба да биде четврта година, меѓутоа, темпото на развој на општеството е многу побрзо, почитуван претседателе и министре, така да времето од четири години, сметам дека е премногу за овие промени кои што се случуваат со брзо темпо, како брзината на светлината, за да можеме ние да си го дозволиме луксузот од четири години да ги оценуваме наставниците во нивната работа.

Во контекст на ова ќе се надополнам и на членот 43, ќе го прочитам основниот текст, а тоа е членот 76 за основниот зако, вработените во основното образование мораат да бидат прегледани преку систематски и специјалистички прегледи до

почетокот на учебната година. Со предлогот, се брише “специјалистички” и зоборовите: “до почетокот на учебната година се заменуваат на секој три години”.

Јас за ова почитуван министре разговарав и дискутирав во првата фаза кога беше предлогот. Тогаш стоеше само три години. Сега го бришете “и специјалистичките прегледи”. Јас сметам, можеби ќе се согласите со мене, можеби не, меѓутоа, ако се земат предвид ситуацијата на целокупното население во Република Македонија, сиромаштијата и бедата кои постојат во овој момент, за иднина не зборувам, зборувам за овој момент, со оглед на намалениот семеен буџет, со кој располагаат сите семејства, надворешните фактори кои влијаат, сметам дека ваквата одредба предложена, сето тоа влијае и на родителите и на наставниците и на децата кои учат во основно образование. Мислам дека колегите кои се лекари во ова Собрание треба да го поддржат и да побараат барем измена на специјалистичките, или да си остане евентуално тој апел и до Владата, да си остане одредбата која постоеше. Меѓутоа, тие да бидат задолжителни и специјалистички и систематски прегледи. Сепак, јас ќе повторам, ние инвестираме во иднината на нашите поколенија. Сведоци сме на епидемиите кои се јавуваат од светски размери зошто, не дај Боже,  не можеме да претпоставиме дека ќе се случи и во Македонија. Што тогаш? А ние ги прегледуваме наставниците на секои три години. Надвор од ставот 2, за лицата со душевна болест, алкохолизам, наркоманија, ова се исклучиво работи за  дел на вид на болест. Владата треба да предложи амандман и да го остави текстот како што беше во основниот Закон за основно образование.

Во однос на издавачкиот дел, уредувачката политика, биро ли ќе биде, педагошки завод ли ќе биде, колегите претходно елаборираа, меѓутоа, колку тоа  во практиката ќе биде применливо, навистина не знам, затоа што секоја година ние со секоја нова учебна година, минатата година немаше дневници до декември колку што се сеќавам, оваа година повторно имаме разновидни скандали со два учебника, три учебника, одобрени, неодобрени, Министерството треба во секој случај добро да ги отвори очите да го имплементира и го спроведува она што тоа го предлага, посебно на делот на воспитанието и образованието на најмалата и најмладата популација, таму каде што се втемелува се она што тоа  дете  треба да го направи добар граѓанин на оваа држава.

За директорот на основното училиште, како раководен орган многу колеги разговараа, дискутираа, новина е што тој директор мора да има положен испит за директор, од што ќе се состои испитот не знаеме, знаеме дека само се полага пред стручна комисија формирана од министерот, составена од претставници на

стручните органи од Министерството и универзитетите и на крајот, кога сето тоа ќе го положи господинот добива уверение за положен испит за директор. Мене ме интересира само едно, не видов никаде во одредбите, дали кога некој ќе се здобие еднаш со вакво уверение за положен испит за директор тоа ќе му трае бесконечно. И во контекст на ова, доколку има избор на директор, човекот сака да конкурира во друго училиште, во друг град, дали истото уверение како лиценца ќе му важи и таму и во контекст на ова ќе ја надополнам мојата дискусија со членот 64 или додавање на нов член 100-б во кој се вели дека градоначалникот во рок од три дена од денот на разрешување на директорот именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор.

Став 2 вршителот на должност за директор, ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување. Дали тоа значи дека извршителот на должноста директор, до именувањето на нов директор треба да има положено испит или уверение за положен испит за директор. Никаде не успеав да видам. Значи, ме интересира дали ова еднаш за секогаш му важи и дали вршителот на должноста треба да го поседува тоа уверение. А истовремено во членот 65 од Предлогот кој гласи вака: “директорот кој повторно не е именуван на јавен оглас, или е разрешен пред истекот на времето за кое е именуван, може да се распореди на работно место, соодветно на неговата стручна подготовка во училишта на подрачјето на општината и во Градот Скопје”.

Оваа одредба како што е предложена од Министерството сметам дека е одредба која не влева доволно сигурност на тие луѓе кои и полагале за да добијат уверение за директори, значи уверение за положен испит за директор, во однос на одредбата која беше предложена во Предлогот за донесување на закон, каде што се велеше дека директорот, кој повторно не е именуван на јавен оглас, или е разрешен, пред истекот на времето за кое е именуван, го задржува работниот однос во основното училиште, на работно место соодветно на неговата стручна спрема, за што обврска има основачот. Ако веќе ние толку бараме директорите да бидат менаџери со воспитно образовниот процес во основните училишта, зошто тогаш на тие директори не им обезбедиме поголема сигурност во случајот кога повторното лице нема да биде избрано. И вака со оваа одредба, значи тој може да се распореди, но и не мора да се распореди на работно место.

Во однос на податоците од Годиниот финансиски план или новиот член 104-б кој се додава членот 68 од Предлогот, значи податоците од Годишниот финансиски

план и од Завршната смета на основните училишта, општината ги објавува во своето службено гласило. Министерството утврдува кои податоци ќе бидат објавени.

Сметам дека Министерството не може да прави цензура на тоа кои податоци од Годишниот финансиски план ќе можат да бидат објавени, а кои не можат да бидат објавени во службеното гласило, ова за што зборуваше и колегата Мавровски.

Сега имаме еден интересен член, тоа е членот 71 од Предлогот со кој се додава нов член 111-б во кој се вели: “доколку и покрај укажувањата и превземените мерки и активности органите на општината не го обезбедат извршувањето на работите кои со закон се утврдени како нејзина надлежност и за чие извршување е одговорна општината, по сила на овој закон им се одзема вршењето на соодветната надлежност”. Вршењето на одземените работи ги врши Министерството но најмногу една година од денот на нивното превзмеање. Значи рокот е даден во кој Министерството може да ги врши превземените работи и тоа е рокот една година. Меѓутоа, во законот, во Предлогот, не е прецизирано колкав рок треба да помине од укажувањата и од превземените мерки и активности, а органите на општината не го обезбедат извршувањето на работите. Значи го имаме максимумот, меѓутоа, минимумот кој сметав дека е потребен, сепак се работи за укажување на превземени мерки и активности, кои органите на општината не ги обезбедуваат. Министерството ќе мора и во овој дел да размисли. А што се однесува до децентрализацијата и она што го говореа претходните дискутанти и ова што се сака да се спроведе со Законот за основно образование, односно со децентрализацијата и пренесување на надлежностите на основачот, т.е. на општината и членот 67, дадени се некои формули, формулата ја знаат само оние што ќе ја изработуваат, ние не ја знаеме, само се наведува одреден дел дека се изведува основно од бројот на учениците во основните училишта, а во изведувањето на формулата можеле да влијаат и следните објективни фактори, возраст, планови и програми и тип на училишниот објект, локацијата на училиштето и др.

Мене само едно ме интересира и тука ќе завршам, она што го прашувавме и министерот Гештаковски, ќе го прашам и министерот Положани дали некаде е направена некаква стимулација во некое основно училиште, за да се види како и практично ќе функционира финансирањето, без оглед дали се работи за блок дотации, наменски дотации, меѓутоа ме интересира само дали некаде во некои училишта е направена стимулација да се види како тие училишта понатаму ќе функционираат. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Цветанка Гашовска имате реплика?

Повелете.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Не можам да се согласам со предлогот на госпоѓа Којзеклиска дека се потребни чести специјалистички прегледи и систематски прегледи. Не можам да се согласам со тоа дека еднократен, па макар и специјалистички преглед мора да биде ефикасен.

Измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита ја доживуваат институцијата избран лекар, кој треба и мора да превземе обврска да се грижи за здравјето на своите пациенти, вклучувајќи ги тука и наставниците и навреме да сугерира за евентуално нарушување на здравјето на наставниците од било која област. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас се согласувам дека во Законот за здравствена заштита постои одредба со која избраниот лекар како институција треба да се грижи за оние пациенти кои го избрале, меѓутоа, тоа не е од сегашните измени почитувана колешке, тоа е од пред три години или од 1999 година, заедно со подзаконските акти кои беа донесени и правилниците.

Мене само едно ме интересира и тука ќе завршам. Она што го прашувавме и министерот Гештаковски, ќе го прашам и министерот Положани, дали некаде е направена некаква симулација во некое основно училиште, за да се види како и практично ќе функционира финансирањето, без оглед дали се работи за блок дотации, наменски дотации, меѓутоа, ме интересира само дали некаде во некое училиште е направена симулација за да се види како тие училишта натаму ќе функционираат. Благодарам

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓа Гашовска имате три минути реплика.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Не можам да се сложам со предлогот на г-ѓа Којзеклиска дека се потребни чести специјалистички прегледи и систематски прегледи. Неможам да се сложам со тоа дека еднократен, па макар и специјалистички преглед мора да биде ефикасен. Измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита ја заживуваат

институцијата избран лекар, кој треба и мора да преземе обврска да се грижи за здравјето на своите пациенти, вклучувајќи ги тука и наставниците и навреме да сугерира за евентуално наручување на здравјето на наставниците од било која боласт. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-ѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас се сложувам дека во Законот за здравствена заштита постои одредба, со која избраниот лекар како институција треба да се грижи за оние пациенти кој го избрале,меѓутоа, тоа не е од сегашните измени , почитувана колешке, тоа е од пред три години или од 1999 година, заедно со подзаконските акти кога беа донесени и правилниците, меѓутоа, ако не чувствувал предлагачот потреба , немало да ја вметне таа одредба во која се бара да се извршуваат специјалистички прегледи, воопшто немало потреба да постои. Дали до почетокот на учебната година, дали во рок од три години, мислам дека треба да се врати, сепак, предлагачот на основниот закон, каде што ќе се бара специјалистички преглед до почетокот на секоја учебна година, дури и почесто.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да пристапиме кон гласањето.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

До пауза имаме точно уште 10 минути, ќе ги причекаме оние традиционалните 10 минути и да видиме дали ќе дојдат пратениците и паузата ќе не спаси, за да не ја прекинам седницата.

Повелете, службите сега утврдете го бројот на пратениците.

Бидејќи претресот е заклучен, ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија , овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 58 пратеници гласале за, пет пратеници биле воздржани, еден пратеник гласал против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака.

18 пратеници гласале за.

Кој е против, молам да крене рака? (нема против)

Дали има некој воздржан? (нема воздржан)

На седницата присуствуваат 18 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за предлогот на законот гласаа 18 пратеници, никој не гласаше против, а од гласањето исто така никој не се воздржа.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

Почитувани пратеници тука правиме пауза.

Ќе продолжиме во 14,00 часот.

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 14,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, секретарот, претставниците на Владата и министерот Положани.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 10 за менување на став 4; за менување на член 59; за менување на член 111; и за менување на член 112.

Тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2; ;лен 10 став 5; член 44 став 14; член 47 во новиот член 93-б став 6 и на член 48 став 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандмани на член 11 став 1; за менување на член 34; член 39 став 7 и за додавање нов став 8 по ставот 7; член 40 став 1 за менување на алинеја 7; член 42 став 7 и за бришење на став 9; член 44 став 11 и 13; за менување на член 46 и на член 51 став 1 алинеја 4, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Славица Грковска и Коста Прешоски, поднесоа амандмани за менување на член 7; за бришење на член 20; член 31 став 1; член 32 став 2; за бришење на ставовите 4 и 5 и за додавање десет нови ставови по ставот 3; член 37 за менување на став 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 и за додавање нов став 4 по ставот 3; член 38 став 1; член 39 ставови 2,4 и 6 и на член 43 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците  Славица Грковска и Коста Прешоски, во меѓувреме ги повлекоа амандманите на член 32 став 2; за бришење на ставовите 4 и 5 и за додавање десет нови ставови по ставот 3; член 37 за менување на став 2; за додавање нов став 3 по ставот 2 и за додавање нов став 4 по ставот 3 и на член 38 став 1.

Пратениците Славица Грковска и Коста Прешоски поднесоа амандман на член 47 став 6 кој е со иста содржина со амандманот на член 47 во новиот член 93-б став 6, поднесен од Законодавно-правната комисија со кој се согласил преставникот на Владата и по него нема да водиме претрес.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на член 19 за бришење на член 20; член 22 став 1 и на член 40 алинеја 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов поднесе амандман за бришење на член 5 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на член 6 за бришење на став 4; член 9 став 4; член 10 за менување на став 3; член 11 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за менување на став 2; за бришење на член 13; за бришење на член

14; член 19; за бришење на член 20; член 22 став 1; член 24 став 2; член 32 за бришење на двата нови става 3 и 4; за бришење на став 6 на членот 59 во Законот кој се изменува и дополнува; член 35 став 3; член 39 за менување на став 2 и на став 7; член 40 став 1 за додавање нова алинеја по алинеја 2, член 41 став 1 алинеја 2 и за менување на алинеја 7; член 42 за менување на став 2 за бришење на ставовите 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9; за додавање нов став 4 по ставот 3 и за бришење на став 14; член 43 став 1 и 2; член 48 за менување на став 6; член 50 на насловот на Главата X и за менување на став 2 и на член 51 за додавање два нови члена 108-а и 108-б, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука.

Повелете господине Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа поради проста причина што е во спротивност со Законот за локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да гласаме по амаднманот.

(Минути на чекање)

Ги молам пратениците уште еднаш да влезат во салата.

(Минути на чекање)

Ги известувам пратениците ако до 14,30 часот не собереме кворум, ќе ја прекинам седницата.

(Минути на чекање)

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места за да можат службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата се присутни 60 пратеници, ја прекинувам седницата поради немање кворум, а закажувам за утре во 10,00 часот, продолжуваме со работа.

(Седницата прекина со работа во 14,30 часот)